ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР. 04-417/2
04.06 2026 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 23 од Законот за работни односи, Директорот на ЈП „Стрежево" Битола објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС 04/2026**
**за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време**

ЈП „Стрежево" Битола има потреба од вработување на 1 (еден) извршител, со засновање на работен однос на неопределено време на следното работно место:

1. **1 (еден) извршител, Работник за одржување на цевковод, КДР 03 05 Б03 169**, Сектор за детална цевководна мрежа, Одделение за 2-ра делница, ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование - **Средно образование**, со 1 година работно искуство во струката, со основна нето плата од 31.227,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок, со работно време од 07:00 до 15:00 часот.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:**

- **да е државјанин на Република Северна Македонија**
- **да е полнолетен**
- **да има општа здравствена способност за работното место**
- **да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија,или должност.**

**Кандидатите покрај општите услови предвидени со закон потребно е :**

- **да имаат соодветна стручна квалификација за работното место**
- **да имаат соодветно работно искуство потребно за работното место**
- **да поседуваат посебни работни компетенции потребни за работното место**

**Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните докази за исполнувањето на потребните услови за работното место во оргинал или копија заверена на Нотар:**

- **уверение за државјанство**
- **лекарско уверение**
- **потврда дека на лицето не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност**
- **диплома за завршено соодветно образование**
- **потврда за работно искуство** (историјат од АВРМ)

Со избраните кандидати ќе биде склучен Договор за работа на неопределено време.

**Огласот трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневен печат**, истиот ќе биде објавен во 3 (три) дневни весници од кои 2 (два) на македонски јазик : „Нова Македонија“ и „Вечер“ и 1 (еден) на албански јазик : „Lajm“, како и на веб страната на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола www.strezevo.com.mk.

**Кандидатите се должни да пополнат Пријава која е објавена на интернет страната на ЈП „Стрежево“ Битола - www.strezevo.com.mk.**

Кандидатите , Пријавата со потребните документи да ги достават на адреса :
ЈП „Стрежево“ Битола
Булевар 1-ви Мај бр. 77
7000 Битола,
лично или преку пошта.

Некомплетните, ненавремено доставените и пријавите доставени по електронска пошта нема да се земаат во предвид при разгледувањето.

ЈП „Стрежево“ Битола
Директор
Вера Бешлиевска